**Младински**Културен
**Центар**–Битола

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

БИТОЛА, МАРТ 2024

## ЗА МКЦ-БИТОЛА

Младински културен центар - Битола е непрофитна, граѓанска организација за млади основана во 1999 година. **Мисијата** на МКЦ-Битола е обединување и развој на креативните потенцијали на младите луѓе и поттикнување на граѓанскиот активизам.

Долгорочни цели на МКЦ – Битола се да го промовира волонтерството, да го афирмира неформалното образование, да ги развива демократијата и граѓанското општество и да ја поддржува урбаната култура. Работиме на 5 стратешки приоритети:

1. УНАПРЕДУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСТВОТО
- Да поттикне одржлив развој на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ);
- Да го промовира волонтерството и волонтерските вредности;
- Да дава придонес кон овозможувачка околина поволна за волонтирање во Македонија
2. ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ, ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И МОБИЛНОСТ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ
- Да ги подобри компетенциите на младите и нивната вработливост
- Градење на партнерства и вмрежување
3. РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈА, ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО
- Да поттикнува младинско учество, особено во креирање и подобрување на младински политики и програми
- Да ги развива граѓанскиот активизам и партиципативната демократија
- Да го подобри владеењето на правото преку мониторинг на државни институции во спроведување на стратегии и акциони планови и буџетски процеси
- Правна помош, поддршка и социо-економско зајакнување на ранливи категории на граѓани на локално ниво
4. ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА УРБАНА КУЛТУРА
- Да ја промовира урбаната култура и меѓукултурното разбирање
- Да ги промовира вредностите на УНЕСКО
- Организација на фестивалот Битола отворен град
5. ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ НА МКЦ-БИТОЛА
- Да ја направи организацијата одржлива на долг рок
- Да ја подобри ефикасноста во работењето на организацијата
- Континурано да ги јакни капацитетите на персоналот, членството и волонтерите
- Да ја зајакни соработката со бизнис секторот

МКЦ – Битола води и координира проекти и програми поврзувајќи ги младите преку вклучување во настани кои ги истакнуваат нивните потенцијали во областа на волонтерството, неформалното образование, урбаната култура и граѓанските иницијативи.

МКЦ - Битола е член на Младинската мрежа на југоисточна Европа (South East European Youth Network SEEYN) од 2002 година. Од 2015 година сме национален координатор на активностите на Регионалната платформа за социјални иновации во младинското вработување во југоисточна Европа - YOUSEE. Како национален Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ), МКЦ - Битола е неформално вмрежена со 6

партнерски граѓански организации кои функционираат како Волонтерски Информативни Точки (ВИТ) во Тетово, Кавадарци, Прилеп, Свети Николе, Скопје и Струмица. Од 2019 година МКЦ-Битола е национален координатор на проектот ROUTE WB6 под лидерство на РИКО (RYCO) за воспоставување на регионална програма за размена на волонтери на Западен Балкан.

МКЦ - Битола е регионална канцеларија на ГА МОСТ, член на младинските платформи Национален младински совет на Македонија (НМСМ) и Сојуз за младинска работа (СМР), член на Платформата за борба против сиромаштија, Коалицијата Сите за правично судење, локалната Коалиција за борба против трговија со луѓе, Сојузот за развој на образованието за возрасни, Мрежата на овластени здруженија за бесплатна правна помош, Мрежа за поддршка на млади претприемачи, Платформата за медиумска писменост, Мрежата за финансиска одржливост на ГО, Мрежата на граѓански организации за реформа и развој на локалната и месната самоуправа „Заедница“, Јадро - Асоцијација на независната културна сцена, КООПЕРАТИВА – Регионална платформа за културна соработка и Европската мрежа на дебатни центри “Time to talk”.

## ВОВЕД

За повеќе од 23 години постоење, МКЦ – Битола се разви во одржлива организација со значајни капацитети за организирање на различни проекти и програми во Македонија, регионот на југоисточна Европа и пошироко.

МКЦ – Битола активно работи на промоција на волонтерството во Република Македонија, вклучувајќи во своите активности различни волонтерски програми наменети за младите луѓе. Деветнаесет години континуирано, преку најразлични активности, го одбележува 5-ти декември – Меѓународниот ден на волонтерите, а шеснаесет години организира доделување на национални волонтерски награди – златен сертификат за волонтерски ангажман. МКЦ – Битола од 2006 година години работи како национална канцеларија на Волонтерски центар на Македонија (ВЦМ) координирајќи ја размената на волонтери на локално, регионално и меѓународно ниво, едуцира волонтери, нуди консултативни услуги на други субјекти за волонтерски менаџмент и соработува со други локални и меѓународни организации кои промовираат слични вредности.

Во рамките на МКЦ – Битола функционира тренинг сервис преку кој континуирано се реализираат голем број на локални, национални и меѓународни обуки за развој на вештини, знаења и компетенции кај младите луѓе.

Од 2011 година, МКЦ – Битола е овластено здружение за давање претходна правна помош и е запишано во регистарот на здруженијата за претходна правна помош што го води Министерството за правда на Република Македонија.

МКЦ – Битола активно се вклучува во процесите на креирање на јавните политики на локално и на национално ниво, како и во мониторинг на трошењето на јавните пари на локалните власти, мониторинг на децентрализацијата и креирање и анализа на ефективни документи за јавни политики. МКЦ - Битола учествува во национални проекти како локален или регионален партнер при изработката на мониторинг извештаи (транспарентност и комуникации со јавност на општините, јавни набавки, децентрализација)

кои се однесуваа на општините од Пелагонискиот регион. Дополнително, МКЦ – Битола води и активно се вклучува и во работни групи за креирање на национални и локални стратегии (Стратегија за унапредување и развој на волонтерството 2010-2015, Стратегија на општина Битола за соработка со граѓанските организации 2019-2022, Стратегија за волонтерство на општина Битола 2015 – 2018, иницијатива за формирање на локален младински совет на општина Битола, иницијатива за формирање на Национален младински совет, Локална стратегија за намалување на младинската невработеност на Ромите во општина Битола 2018-2020, воспоставување на Локален совет за волонтирање во општина Битола, подготовка на Акциски план на ЛЕСС Битола 2019 – 2022, Национална стратегија за промоција и развој на волонтерството 2021-2025, Стратегија за промоција и развој на волонтерството во општина Битола 2023 - 2026).

На крај, 2023 година ја обележа МКЦ – Битола како силна волонтерска организација за млади, овозможувајќи им на таков начин активно учество на младите од Битола во подобрувањето на квалитетот на живот во локалната заедница.

Програмата за 2023 година беше реализирана со поддршка на: Меѓународниот центар Олоф Палме, ЕУ ИПА Програмите за прекугранична соработка на Европската Комисија со Република Албанија и Република Грција, Програмата Еразмус+, УНДП, субгрантови од ЕУ ИПА национални фондови преку Македонско здружение за заштита при работа, Коалиција СЕГА и Националниот младински совет на Македонија, ИФЕС, општина Битола, МОФ, Центарот за граѓански комуникации и други спонзори и поддржувачи од бизнис секторот.



## ПРОГРАМА: УНАПРЕДУВАЊЕ, РАЗВОЈ И ПРОМОЦИЈА НА ВОЛОНТЕРСТВОТО

### ЛОКАЛЕН ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС БИТОЛА

Проектот **„Локален волонтерски сервис Битола“** се спроведува во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 2 – **ReLOaD2**, која е финансирана од Европската унија (ЕУ), а ја спроведува Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) со ко-финансирање од општина Битола. Овој сервис претставува организиран облик на општествена партиципација којшто ќе вклучува **30 млади луѓе од Битола** на возраст од 16 – 29 години. Идејата за формирање на ваков сервис е да се стимулираат волонтерски активности и да се зголеми бројот на млади кои ќе се вклучат во доброволна работа во локалната заедница.

Главната цел на проектот е зајакнување на граѓанското учество и учеството на младите во развојот на локалната заедница преку волонтерство.

Во текот на 2023 година се реализираа **5 волонтерски акции,** завршен настан за проектот и се објави видео од сите активности и резултати за проектот. Во реализацијата на волонтерски акции учествуваа **над 200 волонтери.**

### Волонтерска акција 1 – Break the cycle

Во склоп на оваа волонтерска акција беа креирани постери од волонтерите поврзани со врсничко насилство, односно спречување на кругот на ширење на врсничкото насилство што во моментов е значително застапено кај младата популација. Постерите беа залепени на повеќе локации во Битола и истите беа објавени на социјалните медиуми како кампања за спречување на врсничкото насилство.



**Волонтерска акција 2 – Чиста писта** На 16 јуни 2023 година, повеќе од 40 волонтери го чистеа местото познато како „Кај Авионите“ и Смолево во склоп на волонтерската акција „Чиста писта“. Потребата да се разлизира акцијата е фактичката ситуација дека местото „Кај Авионите“ е запоставен дел од градот каде што нема еколошка свест, а потребен е тој чист простор за многу настани бидејќи од таму се гледа Битола кристално чисто! Во склоп на акцијата имаше и диџеј на симулирана писта и перформанс од страна дел од волонтерките кои беа облечени како стјуардеси од рециклирани материјали.

Волонтерска акција 3 – Омразата на битолските ѕидови

Оваа акција вклучи уметничка интервенција на ѕидови на кои се испишани содржини со говор на омраза на 4 локации: Детска градинка „Пролет“, СОУ „Таки Даскало“, ОУ „Стив Наумов“ – Битола и Младински центар – Битола. Оваа акција е надополнување на акцијата „Break the cycle“ со што детектираните ѕидови во установите каде што има највеќе деца и млади се покрија со мурали кои симболизираат љубов, слобода, поддршка и среќа.





Волонтерска акција 4 – И тумбе и кафе и сцена за градот

Волонтерската акција се одржа на 27 јуни 2023, на Летната сцена на „Тумбе кафе“ – Битола. Акцијата вклучуваше симулирана потрага по отпад којшто волонтерите на Локалниот волонтерски сервис – Битола го искористија за уметнички да се изразат и да ја рециклираат пластиката преку креирање скулптури од отпад. Потребата да се реализира оваа волонтерска акција е да се врати сјајот на летната сцена на Тумбе кафе и да се одржуваат повеќе културни и уметнички настани на истата, желбата на младите да се изразуваат преку алтернативна уметност и повик до битолчани да го зачуваат своето Тумбе кафе, чисто и функционално. Битола како град на културата треба да има чист и одржан простор за реализација на многубројните културни настани што се случуваат секојдневно во градот.

Волонтерска акција 5 – Re-bike cycle (поставување велосипедски паркиралишта)

Оваа волонтерска акција се состоеше од повеќе делови. Првиот дел беше изработка на 8 паркиралишта за велосипеди. Паркиралиштата беа поставени на следниве локации: СОЕУ „Јане Сандански“ – Битола, СОУ Гимназија „Јосип Броз Тито“ – Битола, Младински културен центар – Битола, ФИКТ – Битола, Младински центар – Битола, СОТУ „Ѓорѓи Наумов“ – Битола, ОУ „Трифун Пановски“ – Битола, Ученички дом „Мирка Гинова.

Волонтерска акција „Re-bike cycle (собирање и донација на велосипеди)“

Волонтерската акција се спроведе во месеците јули, август и септември каде што објавивме јавен повик за донација на велосипеди. Донирани ни беа 8 велосипеди кои ги поправивме и ги донираавме во ученичкиот дом „Мирка Гинова“ – Битола.

Волонтерска акција „Re-bike cycle (спортски полигон)“

Целта на волонтерската акција „Re-bike cycle (спортски полигон)“ беше преку волонтерство да се промовираат спортските активности како клучен елемент во здравиот раст и развој кај младите, но и можноста за дружба, натпреварување, забава, интеракција и поминување помалку време пред паметните уреди. Оваа волонтерска акција се реализираше во УЗ „Коле Лачето“ – Битола на 24 август 2023 година и во истата присуствуваа 43 волонтери.

Завршен настан на проектот „ЛОКАЛЕН ВОЛОНТЕРСКИ СЕРВИС БИТОЛА“

Завршниот настан се одржа во хотел „Милениум“ – Битола на 26 септември 2023, каде на исто место беа собрани 50 волонтери на Локалниот волонтерски сервис, коишто беа вклучени во имплементацијата на проектот и истите имаа можност да ги споделат своите впечатоци и да добијат сертификати за својот волонтерски ангажман. Сертификатите на волонтерите им ги додели Градоначалникот на Општина Битола.

Иницијативата „Локален волонтерски сервис Битола“ е добитник на **волонтерска награда за волонтерска програма во 2023 година** на општина Битола која ја доделува Локалниот совет за волонтерство на Општина Битола – ЛСВ.






## ВРЕМЕ Е ЗА ВОЛОНТИРАЊЕ

Во рамките на проектот „Време е за волонтирање“ МКЦ-Битола во соработка со општина Битола и Локалниот волонтерски совет на општина Битола работеше на партиципативно креирање на новата **Стратегија за волонтерство за општина Битола за периодот 2023 – 2026 година.**

Методологијата за работа на стратешкиот документ вклучуваше формирање на работна група составена од претставници на Локалниот совет за волонтерство, локални младински организации, Црвен Крст, општинска администрација и членови на Советот на општина Битола. Се реализираа 3 работни состаноци со претходно утврдена агенда и под водство на надворешен експерт којшто имаше задача да ги земе предвид сите забелешки, предлози, сугестии од страна на членовите во работната група и да ја подготви стратегијата. Со цел да обезбедиме поголема јавност и можност сите да се запознаат со процесот, да дадат свои мислења и предлози, се реализираа два форуми. **Стратегијата е усвоена од страна на Советот на Општина Битола.**




Беше реализирана и волонтерската акција „Опстанок“ за зазеленување и разубавување на училишниот двор во СОУ „Таки Даскало“ од Битола со учество на **50 волонтери** во рамките на кампањата за промоција на волонтерството. Проектот „Време е за волонтирање“ беше поддржан во рамките на проектот „Младинско учество за силен и одржлив развој на заедницата“, финансиран од Европската Унија.

## САЕМ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО

МКЦ-Битола учествуваше на Саемот за волонтерство во организација на Американското катче во Битола. На присутните им ги претставивме програмите на МКЦ-Битола и како можат да се вклучат во нашите активности како учесници или како волонтери.




## ВОЛОНТЕРСКИ АКЦИЈА ВО СОРАБОТКА СО ОУ „ЃОРЃИ СУГАРЕВ“ - БИТОЛА

Уличната уметност е важна граѓанска акција, средство за борба против социјалната исклученост и говорот на омраза во заедницата, особено кон ранливите групи граѓани, како и важен двигател за обезбедување на демократијата и демократските вредности. Преку муралите се промовира креативниот и уметничкиот дух на битолските уметници. Клучните моменти во иницијативата се младите волонтери кои се вклучија во оваа волонтерска акција за креирање на поубава Битола.



**Волонтерската акција се реализира на 13 декември 2023 г. во ОУ „Ѓорѓи Сугарев“–Битола.** Преку овој проект се поттикна креативноста кај учениците и чувство за естетика и ќе се промовира волонтерството преку уметнички интервенции. Учениците презедоа одговорност при решавање на проблемот преку избор на дизајн со кој ќе го обојат ѕидот. Со обојување на дел од ѕидовите во училиштето се доби пријатно катче во училиштето кое претставува своевидно збиралиште во населбата, не само учениците туку и сите кои живеат во околината и рекреативно го користат просторот во училиштето.

## 5 ДЕКЕМВРИ - ВОЛОНТЕРСКИ НАГРАДИ 2023

По повод 5-ти декември Меѓународниот ден на волонтерите, Младински културен центар – Битола (Волонтерски центар на Македонија) од 2006 година востанови Национални волонтерски награди.

Целта е оддавање на јавно признание на волонтери кои се вклучуваат за доброто на својата заедница, помагаат на други и ја промовираат солидарноста, хуманоста и сите позитивни вредности на волонтерските активности.

ЗЛАТЕН СЕРТИФИКАТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО ВО 2023 ГОДИНА на
**Ман анд Моунтаин (Man and Mountain LLC)**

За организација и реализација на десетгодишната иницијатива за заштита на животната средина **ЗЕЛЕНА СОНЧЕВА** во рамките на која се реализираат масовните волонтерски акции **Генералка Викенд и Сончева Гора.**

Во волонтерската акција Генералка Викенд во 2023 година беа вклучени 51 општина и Националниот парк Шар Планина. Исчистени беа вкупно 304 локации. Беа вклучени повеќе од 300 училишта и градинки. Вкупно **15.811 учесници - волонтери** придонесоа во волонтерската акција и беа собрани вкупно **252.681 килограми отпад.**

Дополнително во акцијата за пошумување Сончева Гора во ноември 2023 година беа засадени 50.000 садници во близина на езерото Младост крај Велес со учество на преку 100 волонтери.

Ман анд маунтаин е главен организатор на овие волонтерски акции со мобилизација на огромен број на волонтери во партнерство со бизнис секторот, државните институции, општините и граѓанскиот сектор.



ЗЛАТЕН СЕРТИФИКАТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО ВО 2023 ГОДИНА на Проф. д-р Моника Марковска

Во 2023 година, Проф. д-р Моника Марковска има активен волонтерски ангажман како Потпретседател на Советот за женско претприемништво во општина Битола и како Претседател на Ротари клубот Битола Широк сокак. Евидентни се нејзините заложби за организирање на волонтерски настани и хуманитарни акции. Исто така, има ангажмани во различни проекти, организирање и реализација на работилници со млади и лица од ранливи категории од областа на претприемништвото. Таа постојано се залага и за промоција на социјалното претприемништво. Нејзиниот волонтерски ангажман е видлив преку организација на настани на кои се промовираат нови технологии, како што е примерот со виртуелната реалност и дигиталната писменост.

## ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА

Во април 2023 година беше конституиран новиот состав на Локалниот совет за волонтерство на општина Битола ЛСВ). За Претседател на ЛСВ со мандат од две години, беше избран Извршниот директор на МКЦ-Битола, Златко Талевски.

## ДЕН НА ДОБРИ ДЕЛА (GOOD DEEDS DAY)

Денот на добри дела е меѓународен ден на волонтерска и хуманитарна работа што започнал да се прославува од 2007 година, како иницијатива на непрофитна организација и има за цел да ги обедини луѓето од целиот свет да прават добри дела за другите жители на планетата.

МКЦ-Битола е една од водечките волонтерски организации во нашата земја што ќе го иницира, координира и организира првиот Ден на добри дела во Македонија во 2024 година.

Над 4.300.000 волонтери
Над 110 држави
Бескрајни бранови на правење добро

## ПРОГРАМА: ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ, ЗНАЕЊАТА, ВЕШТИНИТЕ И МОБИЛНОСТ НА МЛАДИТЕ ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ

### ЕНТЕГ – ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ

Во рамките на ИНТЕРРЕГ ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Република Северна Македонија 2014-2020 МКЦ-Битола е партнер во проектот **ЕНТЕГ - ПРЕТПРИЕМНИШТВО ЗА ДИПЛОМИРАНИ СТУДЕНТИ СО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ.**

Општата цел на проектот е **да се промовира, на одговорен и интегриран начин, обуката за претприемништво на дипломирани студенти со високо образование, со цел:**

- Подобрување на претприемничкиот начин на размислување на младите дипломирани студенти за да им се овозможи да бидат самоуверени и покреативни во сé што ќе преземат и да ја подобрат нивната конкурентност кај работодавачите;
- Поттикнување на иновативни старт ап бизниси;
- Подобрување на нивната улога во општеството и економијата;

Специфична цел на проектот е да се поттикне создавање на виртуелна лабораторија за претприемништво за да се зголеми вклученоста на младите студенти во експериментирање со нови идеи и соработка со други чинители. Во проектот беа вклучени **60 дипломирани млади луѓе од двете страни на границата,** кои заедно го поминаа процесот на учење, менторство и градење на претприемачки вештини. Учењето беше со користење на онлајн платформата со видео лекции, ИТ алатки и ресурси за претприемништво, како и во два циклуси на обука со физичко присуство кои беа одржани во Солун, Република Грција. МКЦ-Битола вклучи **12 млади невработени лица** во активностите.

Во рамките на ЕНТЕГ го одржавме петтиот **Ден на кариера**. Повеќе од **20 компании** и повеќе од **100 отворени работни позиции** беа промовирани на Денот за кариера кој се реализира на 25 април 2023 година на платото во Офицерски дом во Битола. Основна цел на настанот беше пренос на информации, мотивација и едукација на **преку 200 невработени лица** од општина Битола да аплицираат и да се вработат во брзорастечки компании, големи компании, мали и средни бизниси, иновативни бизниси и старт ап компании од една страна и компании кои имаат потреба од работници со стручни квалификации, кои нудат слободни работни места.






Другите активности имплементирани од МКЦ-Битола вклучуваа:

- Организација на промотивен едукативен вебинар
- Истражување за клучните развојни потреби на пазарот на труд
- Каталог со структури за поддршка на претприемачите
- План за капитализација на проектот ЕНТЕГ
- Препораки од состаноци по Triple Helix методологија
- Дигитална е-книга со резултатите од проектот

Повеќе информации на: https://enteg.eu/

## МЛАДИТЕ ВО ЦЕНТАР

Проектот „Младите во центар" започна кон крајот на 2023 година. Оваа активност е дел од проектот **„Заедници инклузивни за млади",** кој го спроведуваат Националниот младински совет на Македонија – НМСМ, во партнерство со Фондација за развој на локалната заедница – Штип, SFERA International Битола и Платформа за младинско јакнење ЈЕП – Гостивар, со финансиска поддршка од Европската Унија.

Главната цел на проектот е подобрување на локалното владеење преку зголемена инклузивност и општествено влијание на младите во локалниот демократски живот. Во текот на 2023 година беа направени подготвителни активности за понатамошна имплементација и реализација за планираните активности. Во овој период беше направен **Консултативен форум** за инклузивна подготовка на програмата за работа на општинскиот Младински центар Битола за 2024 година. Овој консултативен форум имаше за цел, согласно Законот за младинско учество и младински политики, е да се воспостави основата на програмата на општинскиот Младински центар Битола за 2024 година која во продолжение до вториот форум ќе биде подготвена во целост базирајќи се на стандардите и критериумите за младинските центри. На овој консулатативен форум присуствуваа младински работници, млади, институции, советодавни тела за млади, претставници на младински организации и организации за млади со различна подзадина со цел да се обезбедат сите аспекти при креирањето на програмата за 2024 година на општинскиот Младински центар Битола.

## БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ЗА МЛАДИ (БЗР)

Преку овој проект информираме **над 500 средношколци** од четирите средно стручни училишта (СОТУ Ѓорѓи Наумов, СОУ Таки Даскало, СОЕУ Јане Сандански, ОСМУ Д-р Јован Калаузи) за културата и принципите на БЗР со фокус на млади. Ова беше постигнато преку 40-те Инфо сесии кои ги реализираа младите средношколци кои беа учесници на Младинското јадро. Младинското јадро вклучуваше 20 млади средношколци кои беа обучени за пренос на знаење меѓу своите соученици, човекови права и безбедност и здравје при работа, комуникација, презентација и јавно говорење и користење на социјалните медиуми како алатка за ширење корисни информации за тема, да се крене глас за важна тема како и поддршка за институционалниот механизам за промоција на БЗР кај младите.

Целосната имплементација на проектните активности и резултати беа промовирани и дискутирани на Националната конференција, со што влијаеше на подигнување на нивото на квалитет во БЗР што ќе биде од корист за бизнис секторот, државните компании и младите работници. На ниво на политика,

имплементацијата на проектот ја отвори вратата за подобрување на локалните и националните стратегии за безбедност при работа и позитивните практики за елиминирање на несреќите на работното место поради недостаток на мерки и процедури за БЗР или недоволна имплементација на Заштита и здравје при работа преку соодветни стратешки и акциски документи.

## ПРЕКУ НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ ДО НОВИ ВРАБОТУВАЊА ЗА МЛАДИТЕ

Целта на проектот е намалување на младинската невработеност преку обезбедување на квалитетно образование достапно за сите, согласно побарувачката на пазарот на трудот. Проектот се спроведуваше во периодот јануари – јуни 2023 и беше насочен кон јакнење на компетенциите на младите луѓе за полесно вработување и започнување на сопствен бизнис. Се реализираа два пакети за зајакнување на вештините и компетенциите на млади невработени лица и тоа сет на обуки за користење на современи и актуелни алатки за вработливост согласно моменталните потреби на работодавачите и личен кариерен развој со менторска поддршка.

Со проектот беа опфатени **20 млади невработени лица 18 – 35 од Пелагонискиот регион**, со фокус на млади лица од ранливи категории семејства и корисници на социјална помош. Како резултат на проектот половина од учесниците во програмите (10) аплицираа или користеа активни мерки за вработување или започнување на сопствен бизнис.

Проектот се реализираше со поддршка на Влада на Република Северна Македонија.

## LOUD SPEAKERS

Целта на проектот беше да овозможиме подобра достапност на информации од интерес на младите во процесите на транзиција кон вработување и обезбедување сигурни и безбедни работни места. Проектот опфати теми како потребата и значењето на безбедни и здрави работни позиции, развивање култура на превенција за безбедност и здравје при работа итн.

Преку проектот ги зајакнавме капацитетите на 20 млади средношколци, ја подигнавме свеста и ја зголемивме информираноста за безбедноста и здравјето при работа на над 300 средношколци од пет средни стручни училишта од општина Битола. Проектот се реализираше со поддршка на Агенцијата за млади и спорт.

## ЗЕЛЕНА УРБАНА МОБИЛНОСТ

Реализацијата на проектот „Зелена урбана мобилност“ се спроведуваше со финансиска поддршка од Министерство за животна средина и просторно планирање. Активностите во рамките на проектот главно беа насочени кон градење на капацитетите и едуцирање на младите за придобивките од практикување на „зелени“ алтернативни начини на урбан транспорт. Во таа насока беа спроведени **работилници за „зелена“ урбана мобилност на која учество зедоа 25 млади луѓе од општина Битола.**

За време на работилниците младите учесници имаа можност детално да се информираат и едуцираат за придобивките од практикувањето „зелени“ алтернативни начини на урбан транспорт. Истовремено, за време на работилниците учесниците споделуваа и свои размислувања за оваа тема и меѓусебно дискутираа за можните последици од не користењето алтернативни начини на урбан транспорт.

## ЛОКАЛЕН МОФ ЦЕНТАР

Како дел од програмата на МОФ, во 2023-та година, функционираат клубовите за дебата и учиме право. Дебатниот клуб го посетуваа околу 20 членови, каде имаа можност да научат аргументирано дебатирање. Предавањата се одржуваа еднаш неделно. Во мај се одржа дебатно национално првенство во Скопје. Учесници беа членови на сите дебатни клубови од државата. Од Битола, четири тимови зедоа учество на турнирот. Учиме право програмата исто така се одржуваше еднаш неделно. Членовите кои беа дел од програмата имаа можност да одат во посета на судот во Битола, како и да посетат адвокат и народен правобранител. Како најзначајна активност е тоа што **10 членови беа во посета на кабинетот на Претседателот Стево Пендаровски.** Имаа можност да разговараат со него, како и да го разгледаат и кабинетот. Во текот на август се одржа и МОФ летна академија, каде 10 членови од центарот во Битола беа дел од истата. Учесниците се дружеа и учеа заедно со членови од другите центри цела недела.

Првото полугодие од учебната 2023/2024, исто така функционираат Дебата и Учиме право клубовите. Беше извршена регрутација низ средните општински училишта и беа пријавени повеќе од **300 средношколци.** Поради големиот интерес, членовите на дебата се поделени во две групи. Одржани се 20 предавања во 10 недели. Во декември се одржа дебатен турнир. Од клубот во Битола, учествуваа 15 дебатери и 2 судии. Учиме право клубот се одржува еднаш неделно, и се одржани 10 предавања. Клубот Учиме право брои околу 20 членови.

Покрај клубовите кои се долготрајни, се одржа и **патувачката изложба „Ана Франк“** по 9-ти пат. Во декември, околу 20 средношколци од СОЕУ „Јане Сандански”, Битола беа обучени за водење на организирани тури или како младински водичи, а дополнително се запознаа со животот и делото на Ана Франк и со мрачниот период од човековата историја пред и околу Втората светска војна. Она што ја прави оваа изложба посебна е тоа што самите средношколци ја водат публиката низ изложбата и раскажуваат за животот на Ана Франк.





## ПРОГРАМА: РАЗВОЈ НА ДЕМОКРАТИЈАТА, ЕДНАКВИТЕ МОЖНОСТИ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

### УНАПРЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ВО ЗАЕДНИЦАТА

Во текот на 2024 година во рамките на проектот „Унапредување на социјалниот дијалог во заедницата“ којшто МКЦ Битола го имплементира од 2019 година, продолживме со поддршка Локалните економско-социјални совети (ЛЕСС) како општински тела преку коишто се овозможува социјален дијалог на локално ниво. Оваа година заедницата на ЛЕСС со кои соработуваме ја проширивме со уште една нова општина во којашто за прв пат се формира **Локален економско-социјален совет – општина Демир Хисар.**

ЛЕСС Демир Хисар се прилкучи на мрежата од осум други ЛЕСС вклучени во проектот (Битола, Ресен, Струга, Тетово, Гостивар, Кавадарци, Штип и Свети Николе) и имаше можност да ги зајакне капацитетите на своите членови, да се вмрежи со останатите ЛЕСС и да започне значајна улога во локалната заедница преку организирање на јавен форум и дискусии за прашања од социо-економската сфера.





Во рамките на проектот членови на ЛЕСС оствариja **две размени – посети на општините Куманово и Ресен** кадешто активно функционираат Локалните економско-социјални совети, организираа три панел дискусии на теми: намалување на ризикот од технолошки вишок на наставниот кадар во училиштата во Гостивар, подобрување на условите за инвестиции и вработување во индустриските зони во Битола, запознавање на извозните, инвестициските и туристичките можности на Демир Хисар со цел економски развој на овие општини. Успешно се реализира и **обука на членовите на ЛЕСС на тема заштита од корупција, како и национален настан за вмрежување „ЛЕСС – иницијатори и поддржувачи на зелени работни места“.**

МКЦ Битола го спроведува проектот со поддршка од Меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

## ГРАЃАНСКА АЛИЈАНСА ЗА ПРОМЕНИ НА ЛОКАЛНО НИВО – ФОРУМ ЗА ГРАЃАНСКИ ДИЈАЛОГ

Како дел од Граѓанската алијанса за прогресивни промени на локално ниво Младински културен центар - Битола оваа 2023 година работеше во две општини и тоа Демир Хисар и Крушево. Во рамките на оваа иницијатива беа реализирани два мониторинг процеси, по еден во град, за реализацијата на граѓанските приоритети. За таа цел беа реализирани и серија на разговори со релевантни претставници на општинските власти. Дополнително за промоција на резултатите од мониторинг процесите како и да се даде простор за вклучување и дискусија со граѓаните во однос на приоритетите за 2024 година беа реализирани и две јавни дискусии во Демир Хисар и Крушево каде присуствуваа граѓаните, претставници на општинската администрација и граѓани.







Форумот за граѓански дијалог е поддржан од меѓународниот центар Олоф Палме од Шведска.

## ЗАШТИТА ОД КОРУПЦИЈА

Во проектот **„Заштита од корупција"** Младински културен центар-Битола како партнер на Центар за граѓански комуникации од Скопје во периодот 2023 година ги спроведе истражувањата за процедурите во општина Битола за Б интегрирана еколошка дозвола и градежна дозвола, за доделувањето на средства за невладините организации по ставка 463, за користењето на објектите за спорт кои се во сопственост или со кои управуваат општините и училиштата. Овие истражувања се дел од активностите кои произлегуваат од проектот на територија на општина Битола.

Проектот вклучува активности за намалување на корупцијата и злоупотребата на јавните средства на локалните самоуправи преку зголемување на транспарентноста, отчетноста и интегритетот на локалните институции и спроведување на мерките предвидени во Националната стратегија за превенција на корупцијата и судир на интереси 2021-2025. Проектот се спроведува со финансиска поддршка од Кралството на Холандија.

## БЕСПЛАТНА ПРИМАРНА ПРАВНА ПОМОШ

Канцеларијата на МКЦ – Битола за примарна правна помош континуирано функционираше и во текот на 2023 година. Имено, во текот на оваа година МКЦ - Битола има бројка од **185 регистрирани корисници** кои се обратиле и се стекнале со примарна правна помош, односно со иницијален правен совет, општа правна информација и општ правен совет. Корисниците се жители на општина Битола, но истовремено и жители од општините од Пелагонискиот регион. Правните проблеми на граѓаните поради кои најчесто

се обраќаат и бараат правна помош се поврзани со правата од социјална заштита, имотните односи, семејното право, облигационите односи, кривичното право и постапките пред нотар и извршител.

Дополнително шест граѓани се стекнаа со право на секундарна правна помош и тоа 2 за надомест на нематеријална штета, 2 за неовластено смеќавање на владение и 2 за поведување постапка за развод на брак. Постапките за дел од нив се завршени пред Основен суд Битола, а за дел се сеуште во тек.

## СОЦИЈАЛНО МЕНТОРСТВО

Во текот на 2023 година социјалната менторка од МКЦ - Битола, Ирена Туфекчиева, продолжи континуирано да работи на полето економско зајакнување на ранливи категории на граѓани се до нивно активирање на пазарот на труд. Ангажманот на социјалната менторка е во соработка со **Асоцијација за истражување, комуникации и развој Паблик од Скопје** (креатор на програмата за социјално менторство) и истиот опфаќаше работа со три лица, едно лице со лесна ментална попреченост, едно лице од ромска популација и едно младо лице, сите од општина Битола. Резултатите од работата во 2023 година носат вработување кај едно лице, обезбедена платена пракса кај второто лице, со можност за негово вработување по завршувањето на праксата и примена на адаптираната програма кај лицето со попреченост и извлекување на работни вештини и работни позиции кои лицето е способно да ги работи, а за кои веќе е аплицирано и се чека одговор за негов работен ангажман.




Паралелно со работниот ангажман социјалната менторка заедно со останатите социјални менторки од Македонија (Скопје и Куманово), но и од регионот, беа дел од бројни обуки преку кои континуирано се надоградуваат и ги зајакнуваат нивните знаења и вештини, а од друга страна преку нивната теренска работа ПАБЛИК направи и адаптација на програмата за лица со попреченост што во иднина ќе овозможи можност за работа со поголем број на лица со попреченост.

## ПРЕКУ СОЦИЈАЛНО МЕНТОРСТВО ДО ЕКОНОМСКО ЈАКНЕЊЕ НА ЖЕНИ ЖРТВИ НА РОДОВО БАЗИРАНО И СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Со реализацијата на овој проект придонесовме кон намалување на родовата нееднаквост и социјалната исклученост на жените жртви на родово базирано и семејно насилство и тоа преку промовирање на нови модели на социјално вклучување на ранливи категрии на граѓани на пазарот на труд. За таа цел од страна на МКЦ – Битола беше организирана Јавна трибина за промовирање на социјалното менторство и споделување досегашни искуства од работата на социјалната менторка, а во насока на економско зајакнување на жените жртви на родово базирано и семејно насилство.

За време на Јавната трибина приуствуваа 20 учесници и истите имаа можност да се запознаат со социјалното менторство како алатка која има дава поддршка на жените жртви за нивно економско зајакнување и полесно надминување на ситуацијата по напуштањето на насилната средина. Целосната методологија и програма по која работат сертифицираните социјални ментори е направена од страна на Асоцијација за истражување, комуникации и развој „Паблик“ и истата е верификувана од страна на Центарот за образование на возрасни и Министерството за образование. Оваа програма опфаќа континуирана поддршка и насочување на жените да станат свесни за нивните капацитети и вештини, како и за можностите кои ги имаат во насока на постигнување нивна економска независност. Истовремено, менторството означува и правење проценки, анализи за потребите на пазарот на труд со цел нивно поврзување со вештините и капацитетите на самите жени. Реализацијата на проектот е овозможена со финансиска поддршка на Општина Битола.

## ПАБЛИК: ЛИЦЕ В ЛИЦЕ

Продажбата на уличното списание **„Лице в лице“** беспрекорно продолжи и во текот на 2023-та година. Нашата продавачка, **Мубија,** со поддршка од МКЦ – Битола во текот на целата година продаваше актуелни производи (списанија, добри картички и новогодишни честитки) кои граѓаните од општина Битола во текот на целата година имаа можност да ги купат на улиците во Битола.



Купувајќи списанија граѓаните имаа можност да прочитаат корисни содржини од различните теми кои што се во фокусот на списанието, но истовремено со купувањето добри картички и новогодишни честитки имаа можност да ги израдуваат своите најблиски. Преку континуираната поддршка која што МКЦ - Битола изминативе години и ја обезбедува на продавачката Мубија, но и редовната поддршката со купување на производите од страна на граѓаните, бизнис заедницата и инстиуциите овозможуваме создавање услови за легално остварување приходи за Мубија.

МКЦ - Битола е дел од мрежа на партнерски организации кои ја поддржуваат и помагаат дистрибуцијата и промоцијата на списанието преку теренска продажба.

## РЕГИОНАЛНА КАНЦЕЛАРИЈА НА НМСМ

Како регионална канцеларија на Националниот младински совет на Македонија, МКЦ-Битола, ги имплементираше и се вклучуваше во годишните активности предвидени во програмите на НМСМ за **Пелагонискиот регион.** Исто така МКЦ- Битола учествуваше на настани, конференции, годишни собранија и други активности организирани од НМСМ. Кон крајот на годината организиравме средба со членки на НМСМ во просториите на МКЦ-Битола на која се дискутираше за искуствата на членките од

досегашното членување како и препораки за подобрување и надградба на соработката НМСМ-членки-регионални канцеларии.

## ЕНЕРГЕТСКИ ЕФИКАСНА ОПШТИНА

Изборното ветување замена на претходното улично осветлување со поекономично ЛЕД осветлување во општина Демир Хисар беше мониторирано од страна на МКЦ - Битола, во период од 4 месеци, и истото беше успешно спроведено од страна на општина Демир Хисар. За време на четири месечниот мониторинг беа реализирани 3 активности и тоа кампања на социјални медиуми преку изработка на инфографици (беа изработени 3), изработка на информативни флаери кои беа поделени на граѓаните на општина Демир Хисар и организација на јавен настан на којшто беше презентиран мониторингот и добиените резултати.

Крајните резултати кои ги постигнавме се поттикната поголема транспарентност и политичка одговорност кај локалната самоуправа од Општина Д.Хисар, зголемена информираност на граѓаните за реализирањето на изборното ветување и подобрени знаења кај општата јавност и корисниците за придобивките од воведување енергетско ефикасно улично осветлување.




По завршувањето на овие активности беше одржан и настан за промоција на матрицата за мониторирање, каде претставници од граѓанските организации, медиуми и локални мобилизатори ги споделија своите искуства како монитори, а истовремено на настанот присутни беа и претставници на општините Прилеп и Демир Хисар кои ги споделија своите искуства од процесот на мониторирање на изборните ветувања, како и колку мониторирањето допринесува во динамиката на реализацијата на ветувањата и како тој процес може да биде подобрен во иднина.

Проектот „Енергетски ефикасна општина“ се спроведуваше во соработка со **Стратешки менаџмент системи**, а како дел од проектот на Владата на Швајцарија „Поддршка на изборните реформи во Северна Македонија“, имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

## ПРОГРАМА: ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА УРБАНА КУЛТУРА

### МЕЃУНАРОДЕН МЛАДИНСКИ АРТ ФЕСТИВАЛ „БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД 2023“

**Откриј, креирај, инспирирај… од 21 до 24 јуни во Битола. Фестивалот понуди нова програма за новата генерација млади. БИТОЛА ОТВОРЕН ГРАД** е фестивал кој е повеќе од уметност. Промотивните материјали, фестивалската приказна и ПР-от и оваа година придонесоа за дисеминација на заложбите на фестивалот Битола отворен град, да ја обедини прогресивната креативна енергија на младите луѓе од Европа, да обезбеди простор за нивна меѓусебна комуникација користејќи ја уметноста како алатка и да ја промовира Битола како град со силен културен идентитет и Европски дух. Ги реализиравме следните настани од фестивалската програма:




**Уметнички интервенции во јавен простор**
Омразата на битолските ѕидови – уметнички крик против говорот на омраза преку графити и цртежи
**Golden Hour** – the party starts now with **DJ BERRYQYAT**
**The Party Goes On!**
**DJ MAJSTORSKI** – Северна Македонија
**DJ JOE DIEM** - Барселона, Шпанија
- Изложба на цртежи, графики и фотографии од млади уметници,
- Our NATION is imagiNATION – графити работилница
- **DJ КИКЕЦ**
**Концерт на музички групи Скејт Парк Битола:**
**TSAR VON TIME**
**EVEREST**
**SINFUL GLARE**








МУЗИЧКИ ХЕПЕНИНГ - Градски парк Битола
LUCENT (Македонија)
ARUMBO (Шпанија/Белгија)
REPETITOR (Србија)






Ова е настанот кој го постави хајлајтот на овогодинешното фестивалско издание. Меѓународен музички дијалог меѓу LUCENT авторски македонски doom rock бенд од Битола, ARUMBO румба-фјужн бенд од Шпанија со членови од Белгија и Каталонија со танцувачки песни и мелодии од срце и REPETITOR гаражно рок/пост-панк трио од Белград, Србија, кои се несомнено еден од најистакнатите бендови од Балканот. Одлична комбинација на бендови за потполно уживање во урбаниот звук. Овој настан го исполни градскиот парк во Битола со музика и со гости на сите возрасти од целиот регион.









Волонтерите и оваа година беа додадена вредност на ова фестивалско издание, а медиумите беа наши партнери во ширењето на оваа градска урбана приказна. Фестивалот беше поддржан од Министерството за култура, Општина Битола и комерцијални спонзори.

**Битола отворен град е крик на урбаната култура.** Борба за освојување на културен простор кој го посветуваме на новите млади генерации. Користењето на нови и алтернативни локации на фестивалот му дава нова свежина за пренесување на пораката за слобода и нова енергија за промоција на интеркултурната соработка. Фестивалот расте и се менува секоја година, а она што единствено останува исто е борбата за урбаната култура. Битола отворен град е **платформа за храбра и независна мисла** и упорен застапник за промена на културните обрасци во градот, земјата и регионот.

## ЕВРОПСКИ КАРАВАН

Младински културен центар – Битола организираше музички камп во Битола од 01-10 јули 2023 со учество на **25 млади луѓе** од Северна Македонија, Белгија, Шпанија, Германија и Холандија. Ова е прва едукативна активност во рамките на проектот **„Европска караван мрежа“** финансиран од програмата Еразмус+ од Белгиската национална агенција.

Младите луѓе беа вклучени во креативен процес на развој на нови мелодии инспирирани од глобалните звуци на мултиетничките заедници (од реге преку румба каталана, традиционални македонски народни песни, латино мелодии и ромски ритми). Младите го кренаа својот глас, за да бидат чуени. Тие исто така, разменуваа искуства и учеа за промоција на музички настани преку користење на нови иновативни алатки на социјалните мрежи Тик Ток, Инстаграм, Твитер и Фејсбук. Покрај тоа, учесниците имаат можност и да ја запознаваат Битола и македонската култура за време на нивниот престој во градот.

За жал, еден од учесниците на кампот С.Ч. (22) од партнерската организација Карабуци од Барселона, Шпанија доживеа смртоносна несреќа. Трагедијата се случи на Олимпискиот базен во Битола, каде беше заедно со 2 другари за време на попладневната пауза на музичкиот камп во Битола. Испративме најдлабоко сочувство до неговото семејство, роднините, организациите и локалните заедници погодени од овој трагичен настан, за заедно да се справиме со тагата во тие тешки моменти.



Партнерски организации вклучени во проектот заедно со МКЦ-Битола се и Мадам Фортуна од Белгија (носител на проектот), Аларм Театар и Амародром од Германија, Талер де Музикс и Карабуци од Шпанија, Њу дач конекшнс од Холандија и Бекос ју арт од Франција.

## ИПА ПРОЕКТ SMART4YOU2




Проектот **Smart4You2** е кофинансиран од Европската Унија, во рамките на третиот повик во рамките на Прекуграничната програма Република Северна Македонија – Република Албанија во рамките на распределбите на Инструментот за претпристапна помош (ИПА II) за 2018 – 2020 година.

Основната цел на проектот е развој на туристичките потенцијали на прекуграничниот регион, преку промоција на културното наследство и вредностите што ги поседува регионот.

МКЦ-Битола во текот на месеците мај-јули 2023 година го организираше циклусот на обуки за претприемништво и маркетинг на кој учествуваа **22 претставници** на мали бизниси, занаетчии, туристички оператори и претприемачи од двете страни на границата. Во наредниот период предвидено е секој учесник да добие менторска поддршка за развој на нивните мали бизниси и претприемачки идеи, кои ќе бидат вклучени во нови туристички понуди во регионот на Битола и Корча.

## МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ЏЕЗОТ ВО БИТОЛА 2023




Оваа година МКЦ – Битола по деветти пат се вклучи во одбележувањето на Меѓународниот ден на џезот, со организирање на концерт на **ЗУЛУ 3.4** во неделата на 30 април 2023 година во Порта Џез во Битола. Извонреден настап во живо на овие млади професионални музичари пред битолската публика, со изведба на авторска современа џез музика. ЗУЛУ 3.4 е добитник на наградата за најдобар млад македонски џез бенд, што традиционално се доделува секоја година од страна на Скопскиот Џез Фестивал.

Младински културен центар – Битола (официјален УНЕСКО младински клуб), реализира континуирани активности во текот на целата година во насока на промовирање на човековото достоинство, охрабрување на дијалогот и разбирањето помеѓу културите и цивилизациите.

## УРБАНА АГЕНДА

Со поддршка на Швајцарската Амбасада и фондови на СДЦ го започнавме проектот Урбана Агенда за поддршка на независната културна сцена во градот и регионот. Во 2023 година го креиравме визуелниот идентитет на проектот, го објавивме јавниот повик за поддршка на уметници и ја реализиравме првата работилница за стрип. Селектираните кандидати/ки ќе бидат контактирани за понатамошна соработка во обезбедување на простор за изразување, продукција, вмрежување, презентација и промоција на културните продукти од независната културна сцена во 2024 година.







## ПРОГРАМА: ОРГАНИЗАЦИСКИ РАЗВОЈ

Во рамките на оваа програма персоналот, членовите и волонтерите на МКЦ-Битола учествуваа во голем број на обуки, работилници, семинари и конференции за зголемување на знаењата и вештините. Дел од темите на кои имавме учесници во обуките беа фокусирани на социјално менторство, волонтерски менаџмент, граѓански активизам, обука за обучувачи за животни вештини, финансиско управување и администрација, вештини за вработливост и други.

**КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ:**

МЛАДИНСКИ КУЛТУРЕН ЦЕНТАР – БИТОЛА
ул. Цар Самоил 29, Битола 7000 Северна Македонија
Тел. 047 233 020
Е-маил: mkcbt@t.mk
Веб: www.mkcbt.org.mk
https://www.facebook.com/mkcbt/
https://www.instagram.com/mkcbitola/
https://twitter.com/mkcbitola